

# Baumit SuperPrimer

## Прајмер за невпивливи и впивливи површини




- **Голема атхезија**
- **За сите подлоги**
- **Полнило од кварцен песок**

**Производ**
Прајмер готов за употреба, со жолта боја, со голем квалитет, без расторувачи, со кварцен песок. Посебно се препорачува, за слабовпивливии невпивливи подлоги; за зидови, подови и плафони; примена надвор и внатре.

**Состав**
Специјални синтетички смоли, кварцен песок, адитиви.

**Својства**
Овозможува голема атхезија на мазни и невпивливи површини, пред изработка на додатни слоеви, како малтери, самонивелирачки маси, лепаци и хидроизолации. Отпорен на влага, површината после нанесувањето на прајмерот станува рапава и брзо се суши. Хемијската реактивност на специјалното врзиво обезбедува исклучително висока атхезија во првите 48 часа од нанесувањето. Жолтата боја обезбедува провека и контрола на рамномерноста на нанесениот прајмер.

**Аплицирање**
Внатре и надвор како темелен премаз за слабовпивливи и невпивливи површини, како и за стари површини кои што треба да се реновираат. Атхезионен прајмер за: варови и варово-цементни малтери (пр. Baumit KlimaWhite и Baumit MPI 25, MPA 35), малтери на база на гипс (Baumit RatioGlatt), за самонивелирачки маси (Baumit Nivello ) и Baumit Alpha течна кошулка, кога се нанесува на мазен невпивлив бетон. Се користи и при лепење на критични подлоги (пр. лепење плочка на плочка) при лепење на керамика со Baumacol лепаците од класа C2. Прајмер и за Baumacol Protect хидроизолации на критични подлоги (пр. OSB табли) и при употреба на Baumit SupraFix лепакот преку дрвена подлога

GEV-EMICODE EC 1 PLUS very low emission

**Облик на испорака**
Канта 5 kg, 1 палета = 60 канти = 300 kg; Канта 20 kg, 1 палета = 24 канти = 480 kg

**Складирање**
12 месеци на суво на дрвени палети во фолија, заштитено од сончеви зраци и мрзнење.

**Гаранција за квалитет**
Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**
Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**
Подлогата мора да биде мазна, сува, незамрзната, без прашина,масл, рамна, носечка и без нестабилни делови.
Производот е прикладен за следните подлоги:
- блокови од глина и керамика
- бетон ;
- дрвени подлоги;
- цигли;
- гипс картон плочи;
- малтери на база на цемент/ вар
- OSB табли
- Критични подлоги - пр. плочка на плочка

Условно се нанесува на:
- Метална површина (видете во Примена)



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk
baumit.com

**Подготовка на подлогата**

- Механички отстранете ги кршливите и незалепените површини
- Добро исчистете ги или одмастете ги нечистите површини
- Всмукајте и очистете ги површините

**Обработка**

Baumit SuperPrimer е спремен за употреба. Добро промешајте пред употреба (задолжително промешајте за да кварцниот песок рамномерно се распореди во прајмерот!).
Да не се меша со други материјали. Нанесете рамномерно со четка или ваљак по целата површина. Следниот слој може да се нанесе откако Baumit SuperPrimer се исуши и остане сув, обично после 30 минути.
На ниски температури и при висока влажност, процесот на сушење може да трае многу подолго!

**Примена како адхезионен прајмер за малтерисување**

После нанесувањето на прајмерот, за нанесување ма гипсан, варов, варово-цементен малтер на бетонска подлога, потребно е малтерот да се нанесува преку прајмерот во рок од најмногу 48 часа како би се обезбедила правилна хемиска реакција која овозможува лепење. Ако малтерот не е нанесен во рамките на овој временски рок, потребно е да се направи врзен мост со помош на Baumit StarContact White лепакот нанесен на целата површина со назабена глетарка со заб од 3-5 мм. После сушење на лепакот Baumit StarContact White, време на стврднување е од 2-3 часа.

**Примена како адхезионен прајмер за саморазливни/течни кошулки или лепаци**

Саморазливните маси, течните кошулки или лепаците можете да ги нанесете после нанесувањето на прајмерот во зависност од подлогата во следниот временски рок:

- Невпивлива подлога - после околу 45 мин
- Впивлива послога: - после прибл. 1-2 часа за подлоги кои не се остеливи на влага (пр. варово-цементни малтери); - после прибл. 6-8 часа за подлоги осетлив на влага (пр. гипсани малтери).

**Примена на метални површини:**

Во случај на примена на метални површини (поцинкуван лим, нерѓосувачки челик, алуминиум) при лепење на термоизолациони плочи можно е на ограничени површини, земајќи ги во предвид следните услови:

- површината мора да биде доволно стабилна (не деформабилна);
- не смееат да постојат слоеви кои го спречуваат лепењето (на пример, прашкасти премази, боја, метални остатоци);
- мора правилно да се исчистат и одмастат; не се однесува на нови обоени метални површини!

**Исклучена е примена на големи метални површини!**

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата за време на нанесувањето мора да биде намајлку + 5 ° C и максимално + 30 ° C. Високата влага и ниските температури можат значително да го продолжат времето на сушење. Заштитете ги очите и кожата, како и областа околу површината на која се нанесува, посебно стакло, керамика, клинкер, природен камен, боја и метал. Не чекајте темелниот премаз да се исуши и зацврсне, исчистете го алатот и опремата со вода веднаш после употребата. Сувиот материјал може да се раствори со ацетон, етил ацетат (заштитни мерки!).

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk